**Програма за работа, план на активности и главни цели на Институтот**

*Постојат два основни избори во животот: да се прифатат условите какви што се или во целост да се прифати одговорноста за нивното менување.*

**Мисија:**

Нема поголема обврска, но воедно не постои и поголемо задоволство од она, да ја добиеш можноста, стручно да помогнеш и во професионална смисла, успешно да ги реализираш промените, подобрувајќи ги условите за работа на оние коишто се дел од професијата во која ти еднакво припаѓаш, во професијата којашто во еден значаен дел ти го одбележала животниот пат. Тоа се чини е остварување на сонот на секој човек.

Минатото е нешто на кое може да ги припишеме спомените, какви тие и да се, но она што сите нас не води е ИДНИНАТА. Познавајќи се себе си, она што можам јас да ВИ го гарантирам, е тоа дека ќе направам се, сметководствената професија, да го добие местото кое бескомпромисно го заслужува во нашето општество.

Ние сме кадар, којшто заслужува исто внимание како и многубројните ревизори, адвокати, нотари, извршители, професионалци коишто поседувајќи и работејќи според својата регулатива, заземаат значајно место во поредокот на нашата држава.

Сега е нашиот ред, сега сме сите ние на потег, ние сме тие коишто со нашата сопствена заложба и вредна работа, треба да го олесниме спроведувањето на постоечкото, а со текот на времето и да го промениме, законското решение во онаа насока, којашто ќе ни овозможи, НА СИТЕ НАС, повеќе овластувања и многу начини за практично делување, скоро во сите сегменти од нашата државотворност.

Горда сум што, во изминатиов период, потпишавме меморандум за соработка со Централниот регистар на Република Северна Македонија, во тек е и потпишување на меморандумот со Управата за јавни приходи, а со помош на Министерство за информатичко општество на Република Северна Македонија, успеавме да го отпочнеме и процесот за непречена размена на податоци помеѓу Институтот и сите други државни институции, што јасно ја покажува големината на НАШАТА ИНСТИТУЦИЈА и местото коешто го заслужува НАШИОТ ИНСТИТУТ во рамки на нашето општеството.

Ова може да значи само едно, во блиска иднина, за секое законско решение коешто ќе ја интригира нашата професија, ќе бидеме известени веднаш,

ќе можеме слободно да дебатираме, да дискутираме, да споделуваме стручно мислење, а воедно ќе можеме и сосема рамноправно да извршиме моментални промени во законските предлози и тоа од самиот почеток на пишување и создавање на регулативите. СМЕТАМ И ОДГОВОРНО ТВРДАМ дека овие процедури НЕ ЗАСЕГААТ СИТЕ НАС ПОДЕДНАКВО.

Овие придобивки и олеснувања се резултат на досегашната исклучително кратка, но ефикасна работа (помалку од 4 месеци), но претставуваат и приоритет на нашата стратегија, што треба да ја реализираме ВО ИДНИНА, наша програмска заложба која, ЦВРСТО СУМ УВЕРЕНА, дека ќе успееме да ја оствариме, па оттука, ми претставува особена чест и мотив плус, на ова Собрание, да го побарам Вашиот глас, довербата без која ниту еден од нас не може ништо да постигне, особено не вакви, значајни стратешки цели, коишто се однесуваат на сите нас .

Меѓусебната поддршка и соработка којашто очекувам да следува како резултат на довербата која ми ја давате, ќе биде најголемата награда за мене и мојата работа, но и мој аманет никогаш да не постапувам спротивно од моите начела и принципи за одржување на беспрекорен професионален однос со сите вас. Промените, **обично**, доаѓаат во множина, токму затоа, сега, треба да сме поединствени од било кога и заеднички да се избориме за она што им следуваше на генерации сметководители, а коешто со гордост ќе им го оставиме на некои нови, идни генерации. Сега е вистинското време, ЗАЕДНИЧКИ да се избориме за достоинството на нашата професија.

Институтот на сметководители и овластени сметководители е посветен единствено на просперитетот во професијата, во чии рамки припаѓа и самиот тој, а една од неговите примарните задачи е на своето членство, да му обезбеди алатки, знаење и ресурси, за што полесно и релативно брзо унапредување во кариерата како и стекнување што повисоко ниво на професионален кредибилитет. Крајна цел на Институтот, А ВОЕДНО И МОЈА ЛИЧНА ЦЕЛ, КАКО ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА, е подигнување на животниот стандард, подобри услови за работа и живот, респект и почитување на сите членови на оваа Институција, во рамките на нашето Општество, но и во Меѓународни рамки.

**Цели:**

-Зацврстување на членството преку овзможување објективна, лојална и правична конкуренција, преку зголемување на вредноста со соодветна едукација и доусовршување. Организирање конгреси, семинари, симпозиуми од страна на Институтот во насока на професионална надградба и доедукација

-Зајакнување на позицијата и влијанието на Институтот како институција, преку активности за застапување и лобирање

-Негување култура на иновации и адаптација со цел одржување чекор со промените во професијата и во технологијата,

-Воспоставување партнерства со професионални ораганизации како во земјата, соседството, така и меѓународно, со цел размена на искуства, зајакнување на професијата сметководител, проширување на опсегот на услуги за ефикасна бизнис поддршка и совет во проценка на финансиите и исполнување на регулаторните барања,

-Промоција на различноста и вклученоста (инклузијата) во рамки на работата на Институтот, како и сметководствената професија во целина.

**Стратегија:**

-Спроведување на истражување на пазарот со цел да се идентификуваат потребите и преференциите на сегашните и идни потенцијални членови, работодавачите и другите засегнати страни, да се увидат слаби и јаки страни на услугите коишто се нудат и изнаоѓање начини за креирање на критериуми за вреднување на сметководствената услуга,

-Развивање на сеопфатен план за афирмација на Институтот, зацврстување на положбата на самата Институција во општеството како и афирмација на неговата улога и значење во контекст на сметководствената професија воопшто,

-Инвестирање во технологија и ресурси со цел обезбедување висококвалитена програма за полагање испити од сметководствената област,

-Соработка со професионални организации, организирање заеднички конгреси, сипозиуми кои ќе бидат од значење на членовите преку овозможување бесплатна едукација и часови и можност за вмрежување на членовите во државни, но и интернационални организации кои се бават со оваа тематика,

-Воспоставување фер и професионали односи со креаторите на политиките и регулаторите, како би се потенцирало и би се подигнало на повисоко ниво, застапувањето на интересите на професијата

-Негување култура на иновации преку охрабрување на пилот проекти и обезбедување ресурси за нови идеи, со цел изградба на здрава иднина, како и модерна и технолошки иновативна средина за развој на сметководствените алатки во рамки на сметководствената професија.

Акционен план за:

**2023 ГОДИНА**

- ✓ Воведување контрола на квалитет со цел подигнување на квалитетот, вреднувањето, правата и обврските коишто ги имаме како сметководители кон клиентите и оние на кои им е потребна наша стручна помош. Тоа ќе се овоможи преку создавање професионален кадар, што ќе функционира во рамките на Институтот, но и воспоставување контролни механизми, развивање процедури и процеси коишто ќе овозможат ефикасни дисциплински мерки во случаеви кога е сериозно нарушен квалитетот на реализација на нашите услуги.
- ✓ Зајакнување на управувањето и зголемување на отчетноста на Институтот и неговите претставници, преку редовни проценки на работата и спроведување на мерки за транспарентност.
- ✓ Спроведување на истражување за состојбите со сметководствената професија, анализа и разработка на стратегија за изнаоѓање оптимални решенија за вреднување на сметководствената услуга.
- ✓ Превод на Меѓународни стандарди, но и нивно теоретско и практично приближување до нашите членови преку едукација, постојан професионален развој и интелектуална надоградба, за полесно активно нивно спроведување и имплементација во работата на сметководителите, што на крајот би резултирало со подобро и поефикасно користење и на самите стандарди, а со самото тоа и зголемување на компетентноста во сметководствената професија и намалување на меѓународните разлики во работата на професионалниот сметководствен кадар во рамки на нашата држава.
- ✓ Создавање на ефикасен модерен управувачки информациски систем, како би се отстраниле сите аспекти на недоследност, на активностите на Институтот, достапност до информации за членството, регистрите, но и детално образложение на финансиското управување и ефикасно следење на трошоците на Институтот.
- ✓ Иницирање процес за аплицирање за членство во Меѓународната федерација на сметководители IFAC, преку менторство од земја членка на ИФАК од ЕУ.
- ✓ Воведување контрола на квалитет на акредитираните субјекти кои спроведуваат континуирано професионално усовршување, вреднување, лиценцирање и оценување на работата на истите.
- ✓ Организација на Балкански форум на организации од сферата на сметководството и ревизија, резултатите и заклучоците потоа, со цел размена на искуства во имплементацијата на сметководствените директиви на ЕУ во регионот.
- ✓ Ревизија на работењето на Институтот со цел зајакнување на транспарентноста и подигнување на свеста и довербата кај

сметководителите како членство кон Институцијата, но и изработка на соодветни внатрешни регулативи за самокорекција на работата на Институтот. Изградба на двонасочна врска помеѓу Институтот и членството (сметководителите), со единствена цел, усовршување на квалитетот на работата на двете страни, подеднакво.

**2024 година**

- ✓ Испит-изготвување програма за полагање испити за стекнување статус сметководител/овластен сметководител, организирање испити со висок степен на доверливост, валидност, еднаквост, транспарентност и стручност, спроведување испити со активирање на комисија која ќе го раководи процесот, изготвување на правилници и сите други потребни практични чекори и материјали за воспоставување објективен процес на оценување и наградување.
- ✓ Иницирање процес за членство во АССА- паралелено со изготвување на програмата за полагање испит, во насока на усогласување на содржините, како крајна цел испитите во МК да бидат усогласени со испитите на АССА
- ✓ Активности во насока на зголемување на професионалната компетентност и професионалното однесување на членството.
- ✓ Зајакнување на соработката со универзитетите со цел зголемување на практикантството и афирмација на сметководствената професија воопшто.
- ✓ Превземање активности и потпишување на меморандуми за соработка со добавувачи чија цел ќе биде намалување на трошоците на сметководителите на дневно или годишно ниво за пристап до информации технологии, како и олеснување на достапноста до информациите, неопходни за нивната работа и пракса.

**2025 година**

- ✓ Фокус на развивање партнерства со Организации од областа на сметководството во други земји-размена на искуства и размена на пракси.
- ✓ Креирање на база со податоци за активни членови, новитети во работата на Институтот, како и потребни и неопходни податоци поврзани со сметководствената професија. Усогласување на сите нови усвоени административни регулативи од оваа област.
- ✓ Интензивирање на процесот за членство во АССА.
- ✓ Стартување на програма за признавање/вреднување на достигнувањата на членовите и нивниот придонес во сметководствената професија.

**2026 година**

- ✓ Инвестирање во нова, како и надградба на веќе постоечка технологија за да се подобри и олесни ангажманот, комуникацијата и соработката меѓу членовите.
- ✓ Акцент на професионалниот развој на сметководителот и неговото место или активна улога во рамки на општеството.
- ✓ Оценување на спроведените активности за претходен период и анализа на реализираните проекти, но и изведување заклучоци, што би придонеле со изнаоѓање нови и подобрени алтернативи на работење.
- ✓ Зајакнување на репутацијата на Институтот како лидер во делот на сметководствената професија со фокус на зголемување на бројот на иницијативи за организирање конференции, конгреси за подобрување на работата, како и зголемување на ефикасноста во реализацијата на работните задачи на неговите членови, адаптација и спроведување на законските обврски, како и на важен фактор во воспоставување на вистинските насоки за што поуспешно остварување на редовните и идни сметководствени активности.

***Весна Прентоска***